ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
НА ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Бул. Маршал Тито бр.1-1
2400 - Струмица
www.southeast.mk
☎: +389 34 340 139
✉: southeastregion@rdc.mk

Во рамките на реализацијата на проектот **„Поддршка на социјалното претприемништво",** финансиран од Европската Унија, во чии рамки делува Регионална канцеларија за поддршка на социјалното претприемништво во Југоисточниот плански регион, чија главна цел е поддршка на социјалното претприемништво, Центарот за развој на Југоисточниот плански регион на ден 11.06.2021 година објавува:

**КОНКУРС ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА 1 (ЕДЕН) ИЗВРШИТЕЛ**
**ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПРОЕКТОТ**

1. **Проектен асистент – на определено време од 15 месеци**

Кандидатите за горенаведената позиција треба да ги исполнуваат следните општи и посебни критериуми:

- *Завршено високо образование (завршено VII/1 степен на образование или најмалку сегашен VIБ степен на високо образование со кој се стекнуваат 180 кредити според ЕКТС)*
- *Одлично познавање на англиски јазик (усна и писмена комуникација)*
- *Одлично познавање на работа со компјутер (Word, Excel, Outlook, PowerPoint)*
- *Добри организациски, комуникациски, интерперсонални и насочувачки вештини*
- *Способност за тимска работа.*

Работното искуство во областа на социјалната работа ќе се смета за предност.

Заинтересираните кандидати за горенаведената работна позиција својот интерес можат да го најават со доставување на кратка биографија (CV), мотивационо писмо на англиски јазик, копија од Диплома за завршено образование, како и дополнителни документи за докажување на горенаведените критериуми, **со назнака „По конкурс за проектен асистент",** најдоцна до <u>**21.06.2021 година (понеделник), до 12.00 часот**</u>, во просториите на **Центарот за развој на Југоисточниот плански регион**, **Бул. „Маршал Тито" бр. 1-1, 2400 Струмица.**

Кандитатите кои ги исполнуваат потребните критериуми ќе бидат повикани на **тестирање** за познавање на англиски јазик и **интервју**.

Основната нето плата изнесува околу 24.000 денари; работни часови неделно 40 часа; работно време од 08:00 до 16:00 часот; работни денови од понеделник до петок.

Бул. Маршал Тито бр.1-1
2400 - Струмица
www.southeast.mk
☎: +389 34 340 139
✉: southeastregion@rdc.mk

**Дополнителни информации може да се добијат со испраќање на е-маил на следнава електронска адреса**: southeastregion@rdc.mk.

**<u>Прилог 1:</u>** *Работни задачи на проектниот асистент;*
**<u>Прилог 2:</u>** *Кратка биографија (CV) на англиски јазик.*

Центар за развој на
Југоисточниот плански регион
Раководител
Жулиета Ѓуркова